СУ бр.336/22

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ** Сузана Милевска, согласно член 92 став 1 од Законот за судовите, Судскиот Деловник, Законот за Судски Совет и Законот за судска служба, по утврдување на одржаната седница на судии, денес на ден 26.01.2022 год. ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
# ЗА 2022 ГОДИНА

## 1.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 92 од Законот за судовите произлегува обврска на Претседателот на Основниот суд Кочани за донесување на Годишната Програма за работа на судот за 2021 година, и истата се утврдува на седница на судиите.

Целта на програмата е да се предвидат, проектираат, предложат и утврдат сите работи од надлежноста и делокругот на работата на Основен суд Кочани за деловната 2021 година како: организациската поставеност на судот, начинот на кој ќе биде организирана работата во тековната година, предвидување на мерките кои ќе треба да се превземат заради постигнување ефикасност и економичност, како во делот на организирање на работите кои се однесуваат на нормално функционирање на судот така и во поглед на навремено и уредно извршување на работните задачи во делот на стручните, административно-техничките работи на судот, работата на судската управа, и спроведување на Судскиот Деловник.

Крајната цел на оваа програма е со спроведување на предвидените мерки и активности во делот на организациската поставеност, доследното почитување на Судскиот деловник, и предвидување и проектирање на сите други прашања кои се однесуваат на работењето во тековната година, доведување на судот во состојба на апсолутна ажурност во решавањето на предметите во сите области, со што ќе се постигне целосна судска заштита на сите субјекти во меѓусебните односи за кои се одлучува во судските постапки, подигнување на угледот на работата на судот и зголемување на довербата во судството воопшто.

## 2. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СУДОТ

Согласно член 31 од Законот за судовите, Основниот суд Кочани, како првостепен стварно и месно надлежен суд со проширена надлежност, својата надлежност ќе ја остварува одлучувајќи во

постапките пропишани со соодветните закони:

- за правата на човекот и граѓанинот и нивните правно засновани интереси;
- за споровите помеѓу граѓаните и другите правни субјекти;
- во постапките за кривични дела и прекршоци и
-други работи што со закон или друг пропис се ставени во надлежност на судот.

Претседателот на судот го претставува судот, и истиот ќе има еден заменик претседател од редот на судиите, кој ќе го заменува во случај на негово отсуство. Судскиот администратор и претседателот на судот ќе ја организираат работата во судот и ќе ги превземаат потребните мерки за навремено и уредно вршење на работите во судот, навремено и уредно вршење на стручните и административно-техничките работи на судот, работата на судската управа и спроведување на Судскиот Деловник.

Согласно одлука на Судскиот Совет на Р.С.Македонија е предвидено судиската функција во Основен суд Кочани да ја извршуваат 10 судии, од кои пополнети се местата за 8 судии и има едно 2 непополнети места, меѓутоа во мометов 1 судија по пат на делегирање е распореден и работи во друг суд, па така и судиската функција фактички ја извршуваат и судот работи со само 7 судии, која состојба се очекува да трае најмалку до средината на 2022 година.

Во Основен суд Кочани ќе функционираат два оддели како организациски единици: кривичен и граѓански оддел.

Согласно Судскиот Деловник редовно, најмалку еднаш месечно, ќе се одржуваат колегиуми на судските оддели и седници на судиите, на кои ќе се разгледувааат месечните извештаи за работа на судот, состојбата со старите нерешени предмети и заостатокот на предмети, редовното работење на судот и тековните проблемите кои евентуално ќе произлезат во текот на годината, како и други прашања за кои е предвидено со Деловникот, или ќе се јави потреба да бидат разгледувани или одлучувани на колегиумите и седниците на судии.

На колегиумите и седниците по потреба ќе присуствуваат и учествуваат и стручните соработници и раководителите на оддели, а по потреба ќе се одржуваат и работни средби со ОЈО Кочани, претставници на Адвокатската комора, претставници на Нотарската комора и извршители, претставници на Министерството за внатрешни работи, други стручни лица и претставници на државни и јавни институции и невладини организации, заради решавање и надминување на определени проблеми, на кој начин ќе се обезбеди транспарентност на работењето на судот и соработка со сите институции, со единствена цел обезбедување на ефикасна и економична судска заштита на граѓаните и остварување на нивните права и интереси загарантирани со Устав и закон.

Претседателите на одделите ќе бидат задолжени за редовно одржување на колегиуми на оддел и разгледување на состојбата со стари нерешени предмети и изнаоѓање на соодветен начин на совладување на приливот и заостатокот од претходната година.

## 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места на Основен суд Кочани, кој е во согласнот со одредбите од Законот за судска служба, во текот на 2022 година во Основен суд Кочани предвидени се 88 работни места, од кои во моментов се пополнети и во текот на 2022 година ќе работат 38 судски службеници по Законот за Судска служба, 3 работници по Законот за работни односи, и 8 полициски службеници, и еден вработен на определено време. Слободни и непополнети работни места по оваа систематизација се 40 работни места.

Во текот на 2022 година не се очекуваат редовни пензионирања, освен што еден стручен соработник ќе отсуствува од работа и работниот однос ќе му биде во мирување поради посетување обука во Академијата за судии и јавни обвинителие, а поради мирување на работното место поради вршење функција градоначалник останува испразнето на определнено време местото ,,командир на судската полиција.

Во 2022 година не се предвидени унапредувања, а се планирани две нови вработувања на работните места ,,самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта,, и ,,судски референт-дактилограф,,. Поради непополнување на испразнетите работни места со години наназад и оваа година недостатокот на административо-техничките работници во судските одделенија ќе се покрива со внатрешна прераспределба, доколку не бидат одобрени нови вработувања.

Заради надминување на ваквата состојба за 2022 година од надлежните органи ќе се бара согласност за предвидените две нови вработувања, а ќе се бара и одобрување за вработување на определено време за оние работни места каде има најмногу потреба за тоа.

Во однос на спроведувањето на Судскиот Деловник и за оваа година се планира и предвидува целосно почитување и спроведување на Судскиот Деловник.

Предметите ќе се земаат во работа по редоследот на заведување и прием, со тоа што приоритет ќе имаат итните предмети. Приоритет ќе се даде и на решавање на старите предмети над 3 години, а согласно Акционен план ќе се предвиди доставување на периодични извештаи од судиите за причините за долгото траење на постапките како и план на судијата согласно кој би можело да се надмине таквата состојба и заврши постапката.

Евиденцијата на судските предмети и списи ќе се води единствено електронски во Автоматизираниот компјутерски систем за водење на судските предмети – АКМИС, согласно измените и дополнувањата на Судскиот Деловник донесен од страна на Министерот за правда.

Согласно Правилникот за анонимизација на судските одлуки, Упатството за анонимизација на судските одлуки и Законот за управување со движењето на предметите во судовите, ќе се врши анонимизација на правосилните судски одлуки, а правосилните и анонимизирани одлуки ќе се објавуваат во законски предвидениот рок на интернет страницата на судот, на начин утврден со закон.

Со одржување на редовни седници и колегиуми на судиите и работни состаноци на судскиот администратор и претседателот на судот со административни-техничкиот кадар и сите вработени во судот ќе се влијае врз зголемување на личната и колективна одговорност на сите вработени за чување и грижливо ракување со инвентарот, канцелariskiот и друг материјал, како истиот би се користел и употребувал штедливо и домаќински.

Работното време на судот е од 07.30 часот до 15.30 часот, времето за пауза од 11.00 часот до 11.30 часот, па ќе се води контрола и евиденција за почитувањето на работното време со редовна проверка на електронската евиденција за редовност и навременост. Судскиот администратор ќе биде задолжен редовно на крајот на месецот да доставува евиденција за сите вработени за редовност на работа, користење на годишни одмори, боледувања или други отсуства, а секој вработен ќе биде должен да го оправда секое напуштање на работното место надвор од предвиденото работно место и времето за пауза кај одговорното лице.

## 4.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Работата на судот е од јавен интерес и од тие причини во тековната 2022 година ќе се посвети поголемо внимание и ќе се превземат соодветни активност за подобрување на транспарентноста и отчетноста на работата на овој суд.

За таа цел ќе се зголемат активностите за обезбедување подобра пристапност на судската интернет страница, ажурирање на податоците и нивно зголемување со подобрување на содржината и видливоста на интернет страницата, објавување на кратки биографии на судиите, податоци за одговорни лица во судот и контакт телефони, тековни активности, извештаи за работа и сл.

Анонимизираните одлуки редовно ќе се објавуваат на веб стрницата, а ќе се настојува и редовно ажурирање и објавување на податоците за закажани рочишта.

Ќе се организираат средби со заинтересирани медиуми на кои ќе се известува за извештаите за работа на судот, ќе се презентираат значајните активности и програми, а ќе се остваруваат и отворени денови и средби со граѓаните.

Ќе се посвети внимание на зголемување на учеството на судиите и вработените на организирани јавни и стручни форуми и едукативни средби.

Имајќи ја во предвид сеуште актуелната состојба со пандемијата од КОВИД 19 посебно внимание ќе се посвети на почитување на сите мерки и препораки за заштита на здравјето и безбедноста, како на вработените така и на странките во судот, и за таа цел ќе се ажурираат и дополнуваат постојните, а по потреба ќе се донесуваат и нови планови и соодветни одлуки за подобрување на безбедноста за здравјето на сите, како и безбедноста при работа.

СУ бр.336/22

## 5. ОЧЕКУВАН ОБЕМ НА РАБОТА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Имајќи ја во предвид согледаната состојба на резултатите од работењето на крајот на 2021 година, и донесениот Распоред за работа на судот за 2022 година, заостатокот на предмети по области на крајот на претходната година и претпоставениот прилив на предмети во тековната година, а врз основа на искуствата од претходните години, остварените норми во текот на 2021 година и вообичаените резултати поединечно за секој судија и на ниво на суд, сметаме дека е реално за 2022 година да се планира и оствари следниот обем на работа:

### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА
-ќе постапуваат двајца судии

-нерешени на крајот на 2021 година 233 предмети
-очекуван прилив 340 предмети
-вкупно во работа 573 предмети
-остаток на 31.12.2022 година 216 предмети.

Бројот на предмети вкупно 357 што се предвидува да бидат решени е добиен со планирање секој од двајцата судии да решаваат по 17 предмети просечно месечно, која норма е остварлива за 10.5 месеци работа.

Со решавање на вкупно 357 предмети во текот на годината, и остатокот од 216 предмети на крајот на годината, ќе значи совладување на приливот и намалување на заостатокот, со што може да се очекува во текот на оваа година во оваа област судот да биде ажурен.

При ова мора да се напомене дека во претходните две години, заклучно со месец мај 2020 година, по кривични полнолетни предмети постапуваа тројца судии, но од месец мај 2020 година до денес еден од овие судии е делегиран во Основен суд Виница, кое нешто е една од причините за вака неможноста заостаток од претходната година да се намали Според Годишниот распоред за работа за 2022 година е предвидено и во текот на 2022 година во оваа материја да постапуваат двајца судии. Доколку делегираниот судија се врати по истекот на времето за кое е делегиран овој распоред за работа ќе претрпи измени, кое нешто би влијаело и во планирањето за решавање на предметите за кривично полнолетни лица, кога со сигурност ќе може да се очекува во оваа област да се намали заостатокот на кривични предмети и да се совлада приливот.

Во спротивно, доколку и во тековната 2022 година овој суд работи со само 7 судии, односно со двајца судии помалку од 8-те судии избрани во овој суд, заостатокот на кривични полнолетни предмети ќе може да се совлада единствено со решавање на кривични полнолетни предмети над предвидената месечна норма.

Доколку за извесен период се констатира зголемување на заостаокот во оваа област, ќе биде изготвен Акционен план според кој би се спровела акција за постапување на сите судии во областа на кривично полнолетни предмети, како единствен начин и во оваа област судот да биде ажурен, имајќи во предвид дека во сите останати области судот е апсолутно ажурен.

ОЦЕНА НА ОБВИНИТЕЛЕН АКТ

Ќе постапува еден судија.

-нерешени на крајот на 2021 година 5 предмети
-очекуван прилив 40 предмети
-вкупно во работа 45 предмети
-да се решат 42 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 3 предмети.

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава по 4 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 4 предмети на крајот на годината ќе претставува помалку од еден месечен заостаток со што во овој дел судот би бил апсолутно ажурен.

КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Ќе постапува еден судија

-нерешени на крајот на 2021 година 13 предмети
-очекуван прилив 20 предмети
-вкупно во работа 38 предмети
-да се решат 32 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 6 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава по 3 предмети за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 6 предмети на крајот на годината ќе претставува помалку од еден месечен заостаток со што судот би бил апсолутно ажурен во оваа област.

ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

Ќе постапува еден судија (по новопримени предмети)

3 (тројца) судии ќе постапуваат во предметите кои веќе им се даден во работа од претходната година)

-нерешени на крајот на 2021 година 705 предмети
-очекуван прилив 1 400 предмети
-вкупно во работа 2 105 предмети
-да се решат 1 365 предмети
Остаток на 31.12.2021 година 740 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата кој во текот на 2022 година ќе прима нови предмети треба да решава просечно месечно по 100 предмети за 10.5 месеци работа, а останатите тројца судии кои во работа имаа стари прекршочни предмети, без да примаат нови, би решавале по 10 предмети месечно, со што со остатокот од 740 предмети на крајот на годината и во оваа област судот би бил ажурен.

Ваквиот распоред би останал само доколку судијата кој работи по нови прекршочни предмети успева да го совладува приливот, во спротивно со Акционен план ќе се направи измена на распоредот за работа на тој начин што и останатите тројца судии од граѓанска облас повторно ќе бидат вклучени во работа по прекршочни предмети.

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

ПАРНИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Согласно Годишниот распоред за работа на судиите на Основен суд Кочани за 2022 година е предвидено тројца судии да постапуваат по сите видови на граѓански и парнични предмети.

Работни спорови
-нерешени на крајот на 2021 година 46 предмети
-очекуван прилив 80 предмети
-вкупно во работа 126 предмети
-да се решат 110 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 16 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 3,5 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 16 предмети на крајот на годината ќе претставува едно месечен заостаток, со што во оваа област судот би бил апсолутно ажурен.

Семејни спорови
-нерешени на крајот на 2021 година 38 предмети
-очекуван прилив 100 предмети
-вкупно во работа 138 предмети.
-да се решат 126 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 12 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 4 предмети за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 4 предмети на крајот на годината ќе претставува помалку од едно месечен заостаток па и во оваа област судот би бил

апсолутно ажурен.

Облигациони спорови

-нерешени на крајот на 2021 година 23 предмети
-очекуван прилив 40 предмети
-вкупно во работа 63 предмети
-да се решат 53 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 10 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 1,6 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 10 предмети на крајот на годината ќе претставува помалку од еден месечен заостаток и судиите кои постапуваат во овие спорови би биле псолутно ажурни.

Имотни спорови

-нерешени на крајот на 2021 година 19 предмети
-очекуван прилив 35 предмети
-вкупно во работа 54 предмети
-да се решат 50 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 4 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 1,5 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 4 предмети на крајот на годината ќе претставува помалку од едно месечен заостаток па и во оваа област се предвидува дека судот би бил апсолутно ажурен.

Парнични предмети од мала вредност

-нерешени на крајот на 2021 година 61 предмет
-очекуван прилив 150 предмети
-вкупно во работа 261 предмети
-да се решат 251 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 10 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 8 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 8 предмет на крајот на годината ќе претставува помалку од едно месечен заостаток а со тоа судот би бил ажурен во овие спорови.

Платни налози по приговори

-нерешени на крајот на 2021 година 44 предмет

-очекуван прилив 90 предмети
-вкупно во работа 134 предмети
-да се решат 120 предмети
- остаток на 31.12.2022 година 14 предмет

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 4 предмети за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 14 предмети на крајот на годината ќе претставува помалку од едно месечен заостаток па се предвидува дека во оваа област судот би постигнал апсолутна ажурност.

ПРЕДМЕТИ ПО ТРГОВСКИ СПОРОВИ
Ќе постапуваат тројца судии

-нерешени на крајот на 2021 година 11 предмети
-очекуван прилив 15 предмети
-вкупно во работа 21 предмети
-да се решат 18 предмети
Остаток на 31.12.2021 година 3 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по помалку од 1 предмет за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 3 предмети на крајот на годината преставува помалку од еден месечен заостаток и со тоа судот во оваа област би бил апсолутно ажурен.

СТЕЧАЈ И ЛИКВИДАЦИЈА
Ќе постапуваат тројца судии

-нерешени на крајот на 2021 година 5 предмети
-очекуван прилив 25 предмети
-вкупно во работа 30 предмети
-да се решат 26 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 4 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по помалку од еден предмет месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 4 предмети на крајот на годината претставува помалку од еден месечен заостаток што значи апсолутна ажурност.

ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ
Ќе се доставуваат до нотарите

-нерешени на крајот на 2021 година 185 предмети
-очекуван прилив 400 предмети
-вкупно во работа 585 предмети
-да се решат 400 предмети
-остаток на 31.12.2022 година од 85 предмети

Согласно одредбите од Законот за вонпроцесна постапка оставинските предмети се доверуваат на постапување на овластените нотари со седиште на подрачјето на Основен суд Кочани.

Заради надминување на состојбата со заостаток на овие предмети во текот на 2021 година беше одржана работна средба со нотарите од подрачјето на Основен суд Кочани, како резултат на што значително се намали заостаокот на стари нерешени предмети, па и во текот на 2022 година ќе се оджи средба со нотарите кои постапуваат по вакви предмети на подрачјето на Основен суд Кочани, со цел утврдување на причините за долгото траење на овие постапки, заостатокот на предмети во оваа област, и изнаоѓање на решение за завршување на старите нерешени предмети и намалување на предвидениот заостаток.

ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ
Ќе постапуваат тројца судии

-нерешени на крајот на 2021 година 27 предмети
-очекуван прилив 70 предмети
-вкупно во работа 97 предмети
-да се решат 90 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 7 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 3 предмети за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 7 предмети на крајот на годината ќе претставува едномесечен заостаток и ќе се постигне ажурност во оваа област.

ФИЗИЧКИ ДЕЛБИ
Ќе постапуваат тројца судии

-нерешени на крајот на 2021 година 6 предмети
-очекуван прилив 10 предмети
-вкупно во работа 17 предмети
-да се решат 15 предмети
Остаток на 31.12.2022 година 2 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по помалку од еден предмет за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 2 предмети на крајот на годината ќе претставува помалку од едномесечен заостаток а со тоа и апсолутна ажурност.

## 6.КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Со цел обезбедување на нормално функционирање на судот, подобрување на целокупните услови за работа и одржување на судската

зграда, за 2022 год. се планирани капитални инвестиции во делот на промена на подовите во сите службени простории со поставување на ламинат, кречење и фарбање, како и набавка и замена на оштетениот инвентар во дел од судниците и претседателсиот кабинет.

Заради намалување на поштенски трошоци за достава на пошта во селските населби во Општина Кочани е планирана набавка на мопед за потребите на доставната служба.

Спроведувањето предвидените капитални инвестиции ќе се врши согласно Законот за јавни набавки, а рализацијата на истите ќе зависи од висината на средства кои за таа намена ќе бидат одобрени од надлежните институции и органи.

Во текот на 2022 година ќе продолжат активностите за лачење на архивската граѓа, средување на архивата и одземаните предмети во кривичните постапки, согласно позитивните прописи за постапување со вакви предмети, а ќе се превземат и активности околу средување на кругот на судската зграда.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ

Имајќи ги во предвид вака дадените констатирани и утврдени податоци за состојбата со нерешени предмети од претходната 2021 година во секоја област посебно, очекуваниот прилив и очекуваните остварувања на предвидените норми за секоја област посебно, сметаме дека оваа Програма е остварлива со залагање и вложување на поголеми напори на носителите на судиската функција, како и на судската служба, па ако се искористат објективните и субјективните можности на судот и секој поединец посебно постои релана можност судот да ја задржи состојба на апсолутно ажурен суд, кое нешто со дополнителни напори се постигна претходната година, особено во таканаречените спорни области, а во кои граѓаните најчесто ги остваруваат своите права и начелото на судење во разумен рок и квалитетно завршување на постапките, кое нешто секако претставува посакувана цел на Судската власт, како битна компомнента за вклучување во европските токови.

Посебно треба да се потенцира дека и покрај моменталните објективни услови овој суд во текот на 2021 година од неажурен се доведе во состојба на ажурен суд, но за да се задржи ваквата состојба и оваа 2022 година и понатаму се неопходни дополнителни зголемени напори и залагања, како на судиите така и на судската служба, од причина што од предвидените 10 судии во овој суд се пополнети места само за 8 суди, од кои во последните 7-8 години редовно секоја година се делегирани по еден или двајца судии во други судови, така да реално во судот постапуваат само 7 судии.

Слична е и состојбата со судската служба.

Последните неколку години по разни основи се испразнети повеќе работни места во судската служба за кои не се одобруваат нови вработувања, во моментов по систематизација постојат непополнети 50 работни места, кое нешто дополнително го отежнува целокупното нормално работење на судот, па од тука, за да може во целост и квалитетно да се оствари оваа Програма нужно потребно е враќање на делегираните судии и обезбедување на согласност за пополнување на

дел од испразнетите работни места во судската служба, особено што се очекува во текот на наредната година и понатаму да се намалува бројот на судските службеници и судии, поради исполнување на услови за пензионирање и по други основи, кое нешто дополнително може да влијае врз остварување на оваа Програма.

ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ, 26.01.2022 год.

Претседател на судот,
М-р Сузана Милевска